РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР
Примено: 19.12.2022
09 1518/1

**До: Општина Демир Хисар**
**(имател на информацијата)**

# **БАРАЊЕ**

## **ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Од: [redacted]
(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: ______________

______________
(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. На кој начин ги консултираат младите при креирање на буџетот за 2023?
2. Ве молиме доставете ни записник од препораки/предлози за буџетот 2023 доставени од млади и младински организации?

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- **(в) фотокопија**
- **(г) електронски запис**
- д) друго ______________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **(г) е-маил**
- д) друго ______________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

**Во Битола, 14.12.2022 година** ______________
(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР
БР. 09-1518/2
19.12.2022 год.
ДЕМИР ХИСАР

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted], поднесено на 19.12.2022 година, имателот на информацијата Општина Демир Хисар го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето од [redacted], по предметот барање за пристап до информации од јавен карактер во врска со консултациите со младите при креирање на Буџетот за 2023 година во Општина Демир Хисар, се уважува.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Врз основа на барањето информација од јавен карактер доставено од [redacted], имателот на информацијата Општина Демир Хисар, Ви ја доставува информацијата во врска со консултациите со младите при креирање на Буџетот за 2023 година во Општина Демир Хисар.

Имено барателот доставил барање за информација од јавен карактер, заведена во архивата на Општина Демир Хисар на 19.12.2022 година под архивски број 09-1518/1, која е во согласност со член 10 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019) и затоа е одлучено како во диспозитивот на ова решение.

Во прилог:

-Информација

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Општина Демир Хисар на 19.12.2022 година, под бр. 09-1518/2.

По овластување на Градоначалникот на
Општина Демир Хисар
Службено лице за посредување со информации од
јавен карактер
Игор Дамјаноски, раководител на одделение за
управување со човечки ресурси

-ИНФОРМАЦИЈА-

-Во Општина Демир Хисар младите се консултирани при креирање на Буџетот на општината за 2023 година, преку преку јавен повик кој што го беше објавен на 30.11.2022 година а истиот се однесува на сите граѓани и организации, меѓу кои секако се и младите.

Линк од јавниот повик:

http://www.demirhisar.gov.mk/soopstenija/2020-soopstenie-za-javnosta-.html.

Исто така предлог буџетот е поставен на интернет страницата на општината (http://www.demirhisar.gov.mk) а седницата на Советот на Општина Демир Хисар кога ќе се расправа за Буџетот за 2023 година ќе биде отворена за сите, вклучително и младите.

По овластување на Градоначалникот на
Општина Демир Хисар
Службено лице за посредување со информации
од јавен карактер
Игор Дамјаноски, раководител на одделение за
управување со човечки ресурси

Република Северна Македонија
ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

________________________________________